РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 09-2117/1
30.10.2024 год
РЕСЕН

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ бр.05/02) и чл.71 ст. 1 алинеа 16 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр. 7/10, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021)Градоначалникот на Општина Ресен донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За назначување на лице за интегритет**

1.Државниот службеник **Лилјана Прцуловски** вработена во Општинската администрација на Општина Ресен,Одделение за управување со човечки ресурси ,на работно место Раководител на одделение за управување со човечки ресурси со звање Раководител на одделение , се назначува за лице со интегритет ,а за заменик лице за интегритет се назначува државниот служеник **Бојана Карапалевска** ,вработена во Одделението за управување со човечки ресурси на работно место Службенички однос и информативен систем за човечки ресурси со звање Помлад соработник .

2.Се задолжува назначеното лице за интегритет да го следи спроведувањето на политиката и системот за интегритет на Општина Ресен ,да дава совети и насоки од областа на интегритетот согласно законските и подзаконските акти и актите на Општина Ресен .

3. Ова Решение стапува во сила со денот на донесувањето .

**О б р а з л о ж е н и е**

Назначените лица вработени во општинаската администрација на Општина Ресен Лилјана Прцуловски и Бојана Карапалевска се задолжуваат да го следат спроведувањето на политиката за интегритет и системот за интегритет на Општина Ресен ,да даваат насоки од областа на интегритетот согласно законските и подзаконските акти на Општина Ресен и да присуствуваат на обуки од оваа област .

Со цел соодветно спроведување на политиката и системот за интегритет во Општина Ресен се донесе решение како во диспозитивот .

Изработил:Љубица Мишевска
Контролирал и одобрил :Зоран Кипревски
Секретар на Општина Ресен

Градоначалник
Јован Тозиевски

Доставено до:
-Именуваниот
-Одд.за управување со човечки ресурси
-архива
-ДКСК

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН РЕСЕН